# Комисијата изрече глоба од околу 770.000 евра на две веледрогерии за усогласено однесување при нудење на лекот docetaxel на тендери.

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на 05.10.2102 година донесе решение со кое изрече глоба во вкупен износ од околу 770.000 евра на две веледрогерии, Алкалоид Конс и ДР. Пановски за нивно усогласено однесување при доставување на понудите за лекот со генеричко име Docetaxel при набавките кои ги вршеле ЈЗУ Институт за радиотерапија и онкологија, Скопје и ЈЗУ Клиничка болница „ДР.Трифун Пановски“ Битола во 2008, 2010 и 2011 година.

Имено при набавките кои ги вршеле наведените болници во наведените периоди Алкалоид Конс и ДР. Пановски доставувале идентични цени за лекот генеричко име Docetaxel (инјекции/вијала 20mg/0,5 ml и инјекции/вијала 80mg/2 ml).

Доставените понуди за наведените лекови се поклопувале целосно односно до 2 децимали. Ваквото поклопување на понудените цени постои само при усогласено однесување помеѓу претпријатија. Усогласеното однесување претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Глобата е утврдена и изречена согласно одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата и Насоките за начинот на одмерувањето на глобата.

**На Алкалоид Конс увоз-извоз ДООЕЛ, Скопје му е изречена глоба во износ од 23.969.908,оо денари, а изречената глоба на АД „Д-р Пановски“, Скопје е во износ од** 23.410.5**39,оо денари**.